Република Северна Македонија
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ЃОРЃИЈА ПУЛЕВСКИ
Бр. 01-251/1
11.05. 2026 год.
Општина Аеродром-Скопје

ООУ Ѓорѓија Пулевски

# РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ООУ „Ѓорѓија Пулевски “, Скопје, општина Аеродром за период од 2026 до 2030 година




Скопје, 2026 година

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ЃОРЃИЈА ПУЛЕВСКИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општина Аеродром-Скопје

**ПРЕАМБУЛА**

Развојната програма на ООУ „Ѓорѓија Пулевски“ – Општина Аеродром претставува стратешки документ кој ги дефинира насоките за унапредување на воспитно-образовниот процес, организацијата на училиштето и целокупниот училишен живот.

Водени од заложбата за создавање квалитетно, современо и инклузивно образование, ја градиме визијата за училиште кое ги поттикнува знаењето, креативноста, критичкото размислување и личниот развој на секој ученик. Нашата мисија е да обезбедиме средина во која учениците се чувствуваат безбедно, прифатено и мотивирано да учат и напредуваат.

Програмата се темели на современи педагошки принципи, законската регулатива и потребите на учениците, наставниците и родителите, како и на специфичниот контекст на локалната заедница. Таа ги опфаќа приоритетите за развој на наставата, професионалниот развој на наставниот кадар, унапредувањето на материјално-техничките услови, како и развојот на соработката со родителите и пошироката заедница.

Оваа Развојна програма за периодот 2026–2030 година се изработува согласно Законот за основно образование (член 49, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161 од 5.8.2019 година) и Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште бр. 08-3714/3 од 29.5.2024 година, донесен од Министерството за образование и наука (член 2, член 4 и член 5). Училишниот одбор, Советот на родители, директорот, стручната служба и наставниот кадар на ООУ „Ѓорѓија Пулевски“ се обврзуваат на континуирано следење, вреднување и подобрување на сопствената работа, со цел обезбедување квалитетно образование во чекор со современите општествени и образовни текови.

| Развојна програма на училиште | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ „Ѓорѓија Пулевски“ -Скопје |
| Адреса | Бул. ,,Јане Сандански,, бр. 27А Скопје |
| Телефон, е-пошта | тел.02/2444-415<br>ou-gjorgjijapulevski-aerodrom@schools.mk<br>gpulevski@yahoo.com |
| Период на подготовка на Развојната програма на училиштето | февруари, 2026 |
| Број на ученици во училиштето | 1003 |
| Број на подрачни училишта | 0 |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Ирина Николоска |
| Потпис | ИНиколоска |
| Датум | Април,2026 |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Дијана Кузева |
| Потпис | ДКузева |
| Датум | Април, 2026 |

## Содржина


1. **Податоци за основното училиште** **5**

1.1. **Идентификациски податоци за основното училиште** **5**

1.2. **Историјат на основното училиште** **6**

2. **Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето** **7**

3. **Фактори што влијаат на развојот на основното училиште (SWOT-анализа)** **10**

4. **Мисија и визија на основното училиште** **14**

5. **Избрани приоритети и образложение за секој од нив** **15**

6. **Дефинирани стратешки и развојни цели** **16**

7. **Акциски планови за реализација на развојната програма на училиштето** **17**

8. **Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште** **23**

# 1. Податоци за основното училиште

## 1.1. Идентификациски податоци за основното училиште

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ „Ѓорѓија Пулевски“ -Скопје |
| Адреса | Бул. ,,Јане Сандански,, бр. 27А Скопје |
| Телефон | тел.02/2444-415 |
| Место, општина | Скопје, Аеродром |
| Веб-страница | https://ougpulevski-aerodrom.edu.mk/ |
| Е-пошта | ou-gjorgjijapulevski-aerodrom@schools.mk<br>gpulevski@yahoo.com |
| Ден на училиштето | 6 Мај |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 5.079 m2 |
| Училишен двор (m2) | 9354 m2 |
| Подрачни училишта во состав на основното училиште, место | Нема |
| Капацитет на училиштето (максимален број ученици) | 1050 |
| Број на ученици (моментална состојба) | 1003 |
| Број на паралелки | 40 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | Нема |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | 2 смени |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | Нема |
| Во основното училиште има ресурсен центар | Нема |

| | |
|---|---|
| Други идентификациски податоци карактеристични за основното училиште | Нема |

## 1.2. Историјат на основното училиште

Основното општинско училиште „Ѓорѓија Пулевски“ – Општина Аеродром, Скопје, Република Северна Македонија, повеќе од четири децении успешно реализира воспитно-образовна дејност на македонски наставен јазик. Училиштето е основано во 1985 година, со одлука на Собранието на Општина Кисела Вода (акт бр. 15-2420/2 од 13.12.1985 година), и од тогаш до денес континуирано придонесува во образованието и воспитанието на младите генерации.

Сместено во уреден дел на една од најурбаните општини, училиштето ги опфаќа учениците од своето реонско подрачје, претставувајќи значаен образовен и воспитен центар во локалната заедница. Наставата се реализира во современи услови, со вклученост на наставен кадар кој континуирано работи на сопствен професионален развој.

Во текот на своето постоење, училиштето бележи постојан развој и раст, како во однос на бројот на ученици и паралелки, така и во унапредувањето на наставниот процес и условите за работа.

Училиштето го носи името на Ѓорѓија Пулевски (1817–1893), значајна историска личност, писател, лексикограф, просветител и борец за национална слобода. Со својата културна и научна дејност, особено преку изработката на повеќејазични речници и трудови, Пулевски дава значаен придонес во афирмацијата на македонскиот јазик, народ и култура.

Неговото дело и животен пат претставуваат инспирација за учениците и наставниците, како поттик за негување на знаењето, идентитетот и вредностите во современото образование.

## 2. Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето

| Стратешка цел 1 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Не реализирана | Образложение |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Имплементација на Концепција за воннаставни активности** | Вклучување на учениците во вонаставни активности, без разлика на пол, етничка припадност и социјална состојба, вклучително и децата со ПОП | | √ | | Училиштето успешно овозможи широк спектар на вонаставни активности во кои беа вклучени ученици без разлика на пол, етничка припадност и социјална состојба. Посебно внимание беше посветено на инклузијата на децата со посебни образовни потреби, при што беа создадени услови за нивно активно и рамноправно учество. Преку ваквиот пристап се поттикна развојот на интересите, креативноста и социјалните вештини кај сите ученици, со што целта е во целост остварена. |
| Стратешка цел 2 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Не реализирана | Образложение |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Унапредување на работата на наставниците за работа со децата со посебни образовни потреби и децата со потешкотии во учењето и развојот** | Унапредување на работата на наставниците преку обуки за: работа со деца со посебни образовни потреби и деца со потешкотии во учењето | √ | | | Стратешката цел за унапредување на работата на наставниците за работа со деца со посебни образовни потреби и деца со потешкотии во учењето и развојот е целосно реализирана. Во текот на периодот беа успешно спроведени планираните обуки, со што наставниот кадар ги зајакна своите компетенции за инклузивна настава и индивидуализиран пристап. Стекнатите знаења и вештини се применуваат во секојдневната практика, придонесувајќи за поквалитетна поддршка на учениците и подобрување на нивните образовни постигнувања. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| Стратешка цел 3 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Не реализирана | Образложение |
| **Опремување со стручна литература** | Опременост со стручна литература | | √ | | Стратешката цел за опремување со стручна литература е делумно реализирана. Во текот на периодот училиштето обезбеди одредена стручна литература која им служи на наставниците како поддршка во наставниот процес и во нивниот професионален развој. Сепак, имајќи предвид дека образованието постојано се развива и се појавуваат нови пристапи, методи и содржини, |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | потребата од современа и ажурирана стручна литература е континуирана. Поради тоа, училиштето и понатаму ќе работи на дополнување и обновување на стручната литература, следејќи ги новите образовни трендови и потреби. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |

| Стратешка цел 4 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Не реализирана | Образложение |
|---|---|---|---|---|---|
| **Подобрување на материјално – техничките услови за работа** | Опремување на училиштето со поголем број на современи нагледни средства, дидактички материјали и технички помагала и набавка | | √ | | Стратешката цел за подобрување на материјално–техничките услови за работа е делумно реализирана. Во текот на периодот училиштето обезбеди дел од потребните современи нагледни средства, дидактички материјали и технички помагала, со што се подобрија условите за реализација на наставата. Сепак, имајќи предвид динамичниот развој на наставните технологии и потребата од современи пристапи во образованието, континуирано постои потреба од понатамошно |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | збогатување и осовременување на средствата за работа. Поради тоа, оваа цел останува приоритет и во наредниот период. |
| Стратешка цел 5 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Не реализирана | Образложение |
| **Проширување на капацитетот на училиштето со нови училници** | Доградба на нови училници | | | √ | Поради технички и финансиски причини оваа стратешка цел не е реализирана. |

## 3. Фактори што влијаат на развојот на основното училиште (SWOT- анализа)

По успешната самоевалуација на ООУ „Ѓорѓија Пулевски'', изработена е СВОТ анализа на училиштето за претходниот период на работа. Добиените резултати од самоевалуацијата послужија како основа за креирање на Развојната програма за работа на училиштето за периодот од 2026–2030 година. Според континуираните анализи, е изготвен документ кој ја планира целокупната долгорочна работа на училиштето.

Во Развојната програма за наредниот период, со цел унапредување на воспитно-образовната работа, се опфатени предностите, слабостите, можностите и заканите на училиштето, односно неговите силни и слаби страни.

Силните страни на училиштето покажуваат дека континуираната работа и залагање носат конкретни успеси. ООУ „Ѓорѓија Пулевски" е препознатливо по квалитетната работа, постигнувањата на учениците, успешната инклузија и грижата за безбедноста и добросостојбата на сите ученици.

Постои ефективна комуникација меѓу наставниците, наставник–ученик и наставник–родител. Училиштето има разработени насоки за интегрирање на меѓупредметните цели во сите наставни програми, кои наставниците ги почитуваат при планирањето и примената на наставата.

Наставниот кадар организира и реализира разновидни воннаставни активности кои ја одразуваат интересите и потребите на учениците и поддржуваат нивен личен, кариерен и социјален развој. Во наставата се користат современи и разновидни методи и форми на работа, соодветни на стиловите на учење на учениците, со цел да се подобри учењето и да се стекнат трајни знаења.

Училиштето обрнува внимание на социо-емоционалната добросостојба на учениците. Раководството ја цени посветеноста и трудот на наставниците и е фокусирано на постојано унапредување на наставно-воспитниот процес.

При извршувањето на наставната и воспитната работа, училиштето се соочува со одредени предизвици кои ја ограничуваат целосната реализација на програмите. Меѓу нив се намален број на наставници, ограничени финансиски средства, потреба од дополнителни обуки за наставниот кадар, како и недоволно искористување на воннаставните активности од сите ученици. Исто така, се нотира потреба од подобрување на инфраструктурата, опремата и инвентарот, како и поголема вклученост на родителите во поддршка на воспитно-образовните активности.

**SWOT-анализа**

| Предности (силни страни) на основното училиште | Слабости (слаби страни) на основното училиште |
|---|---|
| **Подрачје 1: Наставни планови и програми**<br>- Училиштето има воспоставено процедури и ги информира родителите и учениците за наставните планови и програми што се реализираат.<br>- Наставните планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Бирото за развој на образованието и се реализираат во пропишаниот обем.<br>- Родовата и етичката перспектива на образованието во нашето училиште е застапена во доволна мера и на тој начин се обезбедува рамноправно образование за сите.<br>- Постапката за изборни предмети се спроведува во целост како што е потребно и пропишано во нормативите на МОН и БРО.<br>-Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности според потребите и интересите на учениците. Најголемиот број ученици се вклучени намалку една воннаставна активност за поддршка на личниот и социјален развој, без оглед на нивниот пол, етничка и социјална припадност.<br>- Учениците се вклучуваат во воннаставни активности по сопствен избор.<br>- Воннставните активности позитивно влијаат во креирањето на личноста на ученикот и неговот самоискажување.<br>- Учениците се активно вклучени во реализација на проектите кои се реализираат во училиштето.<br>- Наставниот кадар ги споделува и почитува критериумите за оценување<br>- Родителите се редовно информирани за напредокот на своето дете, преку наставниот кадар и стручната служба и добиваат препораки за подобрување доколку е потребно.<br>- Во училиштето со децата со посебни образовни потреби се работи според прилагодени наставни програми – ИОП и | **Подрачје 1: Наставни планови и програми**<br>- Учениците можат да имаат поголема улога во изготвувањето на програмите за работа на воннаставните активности<br>- Училиштето треба да го збогати библиотечниот фонд особено со лектирни изданија. |

| | |
|---|---|
| Модифицирана програма, кои наставникот ги изработува во соработка со специјалниот едукатор и рехабилитатор на училиштето, родителот и образовниот асистен на ученикот (доколку ученикот има доделен обрзовен асистент).<br>- Во училиштето се реализираат проширени програми според можностите и потребите на учениците.<br>- Во програмите на наставниците се интегрирани еколошки теми и во текот на учебната година повеќе пати се реализираат теми со еко содржини.<br>- Во наставните програми во нашето училиште се планираат насоки за вградување на меѓупредметните цели (развивање на самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитување на различноста и јакнење на свеста на учениците за припадност на Република Северна Македонија како мултикултурно општество) и истите во целост се почитуваат од страна на наставниците.<br>- Во наставните планови и програми се интегрирани МИО содржини<br>- Учениците со поддршка од училиштето и наставниците учествуваат во различни манифестации и се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално, национално или на меѓународно ниво.<br>- Се користат средства (училишни паноа, веб страна, социјални мрежи, ученичко катче, медиуми, пригодни манифестации и сл.) за афирмирање на воннаставни активности и продуктите од нив.<br>- Учениците доволно осознаваат за зависноста од дрога, алкохол како и за полово преносливите болести (HIV-сида) и репродуктивно здравје (формирање на семејство и сл.)<br>- Наставниците имаат современ приод во реализацијата и совладувањето на наставните планови и програми.<br>- Училиштето обезбедува услови и ги вклучува учениците со посебни потреби во воннаставните активности.<br>- Училиштето соработува со родителите и ги почитува нивните препораки.<br>- Вклученост на учениците во промоција на своите активности и активности на училиштето со работењето на училишното радио креирано и реализирано од самите ученици со поддршка на наставниците. | |

| | |
|---|---|
| - Училиштето од предходната самоевалуација го збогати фондот на нагледни средства и компјутерска технологија, и ги подобри услови за работа преку специјализирани училници - кабинети по природни науки, хемија, физика, биологија.<br><br>**Подрачје 2: Постигнувања на учениците**<br><br>- Наставниот кадар професионално ја врши својата работа и постигнува голем успех во работата со учениците.<br>- Објективно се оценуваат постигнувањата на учениците без разлика на половата и етничката припадност.<br>- Секое тримесечје се прави анализа на успехот и поведението на учениците и се врши споредба со претходното тримесечие или претходната учебна година.<br>- Постои соработка меѓу учениците, наставниците, стручната служба и родителите.<br>- Се планираат и реализираат повеќе родителски средби во текот на учебната година.<br>- Континуирано следење на редовноста на учениците.<br>- Наставниците и стручната служба во училиштето редовно ги следат учениците кои имаат потешкотии во учењето и учениците со посебни потреби.<br>- Наставниците имаат изградено критериуми и стандарди за оценување на постигнатиот успех на учениците.<br>- Редовно учествуваат на општински, регионални и државни натпревари при што постигнуваат одлични резултати.<br>- Сите ученици го завршуваат образованието, нема повторувачи и нема осипување на учениците од училиштето.<br>- Наставниот кадар, учениците и родителите се задоволни од постигнатиот успех. | **Подрачје 2: Постигнувања на учениците**<br><br>- Дополнителната настава кај некои предмети не се реализира со полн фонд на часови односно не е доволно транспарентна.<br>- Почесто оддржување на додатната настава за надарените ученици. |

| | |
|---|---|
| - Редовно оддржување на приемниот час од страна на наставниот кадар и родителските средби.<br>- Редовна евиденција на податоците во е-дневникот преку кои се следи ученикот.<br>- Водење на ученичко портфолио. | |

| | |
|---|---|
| **Подрачје 3: Учење и настава**<br>- Постоење на пропишани приоди и утврдени процедури за планирање, поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот, стручна служба и тимот за професионален развој;<br>- Навремено изготвување годишни и тематски планирања соодветни со условите за работа во училиштето и потребите на учениците;<br>- Годишните и тематските планови како и оперативните планови за час (дневни подготовки и сценарија) содржат јасни насоки што се очекува од учениците да научат, очекувани резултати/исходи од учењето и начинот на оценување на учениците;<br>- Целосно реализирање на изготвените годишни и глобални планирања;<br>- Реализирање интегрирана настава во училиштето;<br>- Распоредот на часови е изработен согласно наставниот план и почитувајќи го најдобриот интерес на детето;<br>- Користење разновидни наставни форми и методи соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење;<br>- Задачите што се работат во училиште или дома се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите;<br>- Наставниците ги споделуваат целите на наставата и очекуваните исходи од учењето со учениците и тие им се јасни на учениците;<br>- Наставници со учениците се однесуваат на начин што промовира прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба; | **Подрачје 3: Учење и настава**<br>- Доопременување со училишен инвентар<br>- Доопремување со нагледни средства на училниците за подобра релизација на наставата;<br>- Поголема вклученост на родителите во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето |

| | |
|---|---|
| - Училиштето се доживува од страна на поголемиот дел ученицни и родители како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење;<br>- Наставниците според поголемиот број мислења на учениците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат;<br>- Учениците и наставниците заеднички работат на различни проекти во и надвор од училиштето;<br>- Навремено идентификување на образовните потреби на учениците, во поголем дел се почитуваат и задоволуваат;<br>- Користење различни ресурси и приоди за учење и настава преку кои се задоволуваат индивидуалните образовни потреби на учениците; | |

| Подрачје 4: Поддршка на учениците | Подрачје 4: Поддршка на учениците |
| --- | --- |
| - Училиштето има план за следење на систематските и стоматолошките прегледи и редовното вакцинирање на учениците.<br>- Наставниците подготвуваат и водат целосна и уредна евиденција за постигнувањата и напредокот на учениците.<br>- Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи по тримесечја за својата паралелка.<br>- Соработка меѓу наставниците и стручната служба.<br>- Соработката на класните/предметните наставници и родителите за постигнувањата на учениците е на восоко ниво.<br>- Училиштето води грижа за однесувањето на учениците и вработените во однос на превенцијата од насилство и има кодекс на однесување. | - Нема конкретен правилник што се однесува за првенец на генерација и истакнат наставник и стручен соработник, а согласно на тоа и систем на наградување на учениците што постигнале успех и за наставниците што помогнале во тоа. |

| Подрачје 5: Училишна клима | Подрачје 5: Училишна клима |
| --- | --- |
| - Позитивна клима за работа во училиштето;<br>- Добро воспоставена комуникација помеѓу сите чинители на воспитно - образовната дејност;<br>- Односот помеѓу наставниците и учениците се базира на взаемна доверба и почитување;<br>- Статут, Правилници и Кодекси изготвени согласно законите.<br>- Информираност на родителите со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство<br>- Високи постигнувања на учениците на натпревари;<br>- Потикнување на учениците за активности во и надвор од училиштето преку натпревари културни и спортски настани;<br>- Отвореност на училиштето за соработка со родителите;<br>- Редовна и континуирана соработка со окружувањето на училиштето и локалната заедница;<br>- Функционирање на ученичкиот парламент.<br>- Редовно дежурство на наставниците и учениците;<br>- Солидна соработка со здравствени организации;<br>- Редовно осигурување на учениците.<br>- Наставниците разменуваат искуства и идеи на ниво на стручни активи. | - Поголема примена на Протоколот за комуникација од страна на родителите и почитување на сите донесени Правилници и кодекси на училиштето од страна на сите (родители, ученици и вработени). |

| | |
|---|---|
| **Подрачје 6: Ресурси**<br>- Училишниот простор, вклуклучувајќи ја и салата за физичко и здравствено образование и училишниот двор ги исполнува условите за изведување на настава според Нормативот.<br>- Големината на училниците соодветствува на бројот на учениците во паралелките.<br>- Наставиците и учениците знаат ко наставни средства и материјали им с на располагање и ефективно и и ефикасно ги користат во наставата и учењето.<br>- Наставниците имаат поддршка во нивното стручно усовршување за што секој наставник има изготвено План за личен и професионален развој и е изготвена и програма за професионален развој.<br>- Стручен и квалитетен наставен кадар во согласност со нормативите за наставен кадар.<br>- Финансиското работење е транспарентно и во согласност с законската регулатива.<br>- Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците и наставниците и е секогаш отворена за соработка<br>- Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес, вклучувајќи и кадар обучен за работа со деца со посебни образовни потреби.<br>- Училиштето има обезбедено Образовни асистенти за поддршка на учениците со посебни образовни потреби.<br>- Наставниците успешно работат како тим во рамки на стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето | **Подрачје 6: Ресурси**<br>- Обновување на наставни средства и помагала на сите наставници.<br>- Лап топ за секој наставник и стручен соработник за поефикасна реализција на работните обврски |

| | |
|---|---|
| **Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика**<br>- Ккомуникација<br>- Правила на однесување<br>- Преземање на иницијативи<br>- Соработка со родители | **Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика**<br>- Во ова подрачје не се детектирани слаби страни |
| **Можности (прилики) што произлегуваат од училиштето и опкружувањето** | **Закани, пречки (опасности) што призлегуваат од училиштето и неговото опкружување** |
| - Во училиштето постои кадар кој може да врши дисеминација на обуки.<br>- Вклучување на соработка со локалната заедница и институции како поддршка на активностите на училиштето.<br>- Проекти кои ќе ја развијат меѓуврсничката поддршка со цел полесно совладување на наставниот материјал.<br><br>- Изградба на нови просторни капацитети за реализација на наставата во кои ќе има и нова библиотека.<br>- Обезбедување поголем избор на книги како награди за учениците кои постигнуваат одлични резултати во совладувањето на наставниот материјал и активно учествуваат на натпревари. | - Постојаната ангажираност на родителите со работни и секојдневни обврски оневозможува нивно поголемо вклучување во училишните активности.<br>- Помала заинтересираност на институциите за општествено одговорно вклучување во активностите поврзани со училиштето.<br>- Намален број наставници како последица на сè помалиот интерес кај младите за наставничката професија, особено по одредени предмети.<br>- Ограничени финансиски средства и недоволна финансиска поддршка. |

## 4. Мисија и визија на основното училиште

***Мисија***

**Создавање на позитивно опкружување кое поддржува самостојност, самодоверба и истрајност, ја поттикнува креативноста и соработката.**

***Визија***

**Работиме на поврзување на сите чинители во единствен синџир на грижа за детето, семејството и опкружувањето, со цел секое дете да има еднакви шанси да ги развие своите способности потребни успешно да се носи со предизвиците како личност, професионалец, граѓанин.**

## 5. Избрани приоритети и образложение за секој од нив

| Приоритет | Образложение |
|---|---|
| **Подобрување на системот за поддршка, вреднување и јакнење на партнерството со родителите и училишната клима** | Во училиштето постои потреба од воспоставување јасни правила и критериуми за вреднување и наградување на учениците и наставниците, како и доследно почитување на правилниците и кодексите од страна на сите чинители. Истовремено, родителите не се доволно вклучени во воспитно-образовниот процес и во активности поврзани со правата и развојот на децата. Со јакнење на партнерството со родителите, унапредување на системот за поддршка и мотивација, како и подобрување на училишната клима преку взаемна почит и соработка, ќе се обезбеди поквалитетна средина за учење, подобра дисциплина и поефективно справување со предизвиците. |
| **Подобрување на наставниот процес и дополнителната/додатната настава** | Дополнителната настава не се реализира доволно или не е транспарентна, а додатната за надарени ученици не се одржува често. Ова директно влијае на постигањата на учениците. Според документите, редовната, дополнителната и додатната настава се клучни мерки за подобрување на успехот. |
| **Поголема вклученост на учениците и подобрување на воннаставните активности** | Учениците во моментов не се доволно вклучени во планирањето на воннаставните активности. Според индикаторите за квалитет, важно е учениците да имаат активна улога бидејќи така се зголемува нивната мотивација и интерес за учење. Со нивно вклучување ќе се подобри и училишната клима и задоволството на учениците. |
| **Подобрување на училишната средина и условите во училниците** | Потребно е доопремување на училниците со нагледни средства и инвентар. Подобрата средина директно влијае на квалитетот на наставата и мотивацијата на учениците за учење. |

## 6. Дефинирани стратешки и развојни цели

Од приоритети кон стратешки цели

| Приоритет/и | Стратешка цел |
|---|---|
| Подобрување на системот за поддршка, вреднување и јакнење на партнерството со родителите и училишната клима | Да се воспостави транспарентен и јасен систем за поддршка и вреднување, со активна вклученост на родителите и создавање позитивна и почитувачка училишна атмосфера. |
| Подобрување на наставниот процес и дополнителната/додатната настава | Да се обезбеди поквалитетна и поефикасна настава преку прилагодување на наставните активности според потребите и способностите на учениците и зајакнување на дополнителната и додатната настава. |
| Поголема вклученост на учениците и подобрување на воннаставните активности | Да се поттикне активно учество на учениците преку развој и унапредување на квалитетни и разновидни воннаставни активности според нивните интереси и потреби. |
| Проширување на капацитетот на училиштето со нови училници и подобрување на училишната средина и условите во училниците | Во училиштето постои потреба од повеќе училници и подобри услови за работа, бидејќи постојните простории не секогаш ги задоволуваат потребите на наставата. Поголем број ученици и ограничениот простор може да влијаат на квалитетот на наставата и концентрацијата на учениците. Со изградба на нови училници и подобрување на постојните (со нагледни средства, мебел и современа опрема), ќе се создаде попријатна и функционална средина за учење.<br><br>Подобрите услови ќе им овозможат на наставниците полесно да ја реализираат наставата, а учениците ќе бидат повеќе мотивирани и активни. Овој приоритет е важен затоа што директно влијае врз квалитетот на наставата, постигањата на учениците и целокупната училишна атмосфера, што е во |

| | |
|---|---|
| | согласност со насоките за унапредување на воспитно-образовниот процес. |

**Од стратешки цели кон развојни цели**

| Стратешка цел 1 | Развојни цели |
|---|---|
| Да се воспостави транспарентен и јасен систем за поддршка и вреднување, со активна вклученост на родителите и создавање позитивна и почитувачка училишна атмосфера. | 1.1Развивање и примена на јасни критериуми и процедури за следење, вреднување и наградување на учениците и наставниците. |
| | 1.2 Унапредување на соработката со родителите преку нивно активно вклучување во училишните активности и јакнење на позитивната училишна клима |
| **Стратешка цел 2** | **Развојни цели** |
| Да се обезбеди поквалитетна и поефикасна настава преку прилагодување на наставните активности според потребите и способностите на учениците и зајакнување на дополнителната и додатната настава. | 2.1 Примена на разновидни наставни методи и пристапи за подобрување на квалитетот на наставниот процес. |
| | 2.2 Организирање и унапредување на дополнителната и додатната настава во согласност со потребите на учениците. |
| **Стратешка цел 3** | **Развојни цели** |
| Да се поттикне активно учество на учениците преку развој и унапредување на квалитетни и разновидни вonnаставни активности според нивните интереси и потреби. | 3.1 Развивање и унапредување на воннаставните активности во согласност со интересите на учениците. |
| | 3. 2 Поттикнување на учеството на учениците во училишниот живот и процесите на донесување одлуки. |
| **Стратешка цел 4** | **Развојни цели** |

| | |
|---|---|
| Да се обезбеди  современа, безбедна и поттикнувачка училишна средина и подобро опремени училници. | 4.1 Подобрување на материјално-техничките услови и опременоста на училиштето. |
| | 4. 2 Унапредување на безбедноста и уреденоста на училишниот простор за создавање пријатна средина за учење. |

## 7. Акциски планови за реализација на развојната програма на училиштето

| **Стратешка цел 1**. Да воспостави транспарентен и јавен систем за поддршка и вреднување , со активна вклученост на родителите и создавање на позитивна и почитувачка училишна атмосфера | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел 1.1** Развивање и примена на разни критериуми и процедури за следење, вреднување и наградување на учениците и наставниците | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите |
| Изработка на правилник за пофалување и наградување | Формирање работна група ( наставници, претставник од стручна служба, претставник од Совет на родители, претставник од учениците) | Ана Гајдов-педагог; Виолета Каркинска - предметен наставник; Катерина Лазев-одделенски наставник; Елизабета Петровиќ-ментор,одделенски наставник; Младенчо Ѓоровски-родител; Бојан Андонов – ученик; Јована Смилевска-ученик | 2026 година | Хартија, комјутерска опрема, интернет | воспитно-образовниот кадар во училиштето и учениците | Записници од наставниот кадар за анга, дипломи, Правилникот за награди и пофалби да биде истакнат на веб страницата од школото |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Спроведување на анкети во кои учениците и наставниците се вреднуваат за вештини што не се дел од предметите ( емпатија, тимска работа, менторски часови , помагање ) | Спроведени анкети ( на крајот на секое полугодие) | Ана Гајдов-педагог; Виолета Каркинска -предметен наставник; Катерина Лазев-одделенски наставник; Елизабета Патровиќ-ментор,одделенски наставник; Младенчо Ѓоровски-родител; Бојан Андонов -ученик ; Јована -ученик Смилевска-ученик | 2026 година | Хартија, комјутерска опрема, интернет | Стручна служба | Анкети |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Анализа на спроведените анкети и изведување на заклучок од истите | Заклучок од изведените анкети | Ана Гајдов-педагог Виолета Каркинска - предметен наставник; Катерина Лазев-одделенски наставник; Елизабета Патровиќ-ментор,одделенски наставник; Младенчо Ѓоревски-родител; Бојан Андонов-ученик; Јована Смилевска-ученик | 2026 година | Хартија, комјутерска опрема, интернет | Стручна служба | Анкети, анализа на анкетите |
| Доделување на пофалници/сертификати на истакнатитие наставници и ученици | Резултатите од анкетите | | 2026 година | | Директор | Извештај од анализираните анкети, фотографии, видеа, објавени на веб страната |

| Развојна цел 1.2 Унапредување на соработката со родителите преку нивно активно вклучување во училишните активности и јакнење на позитивната училишна клима | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплемента ција | Потребн и ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти /извори на информации за следење на индикаторите |
| Вклучување на родители- експерти во разни области како гости - предавачи или ментори во училишни проекти | Изработен план на идни активности | директор, претставници од родителите, класни раководители | 2027 година | комјутерска опрема, интернет | директор, одделенски раководители , | План на идни активности |
| Отворен ден - “Мојата професија” , родители со специфични вештини водат практични часови | Остварена соработка со родители | одделенски раководители, стручната служба | 2027 година | комјутерска опрема, интернет, | директор, стручна служба | Барања за соработка |
| “Твој предлог - наша акција” поставување на кутија каде родителите можат да дадат предлози за збогатување на училишните активности | Остварена соработка со родители | воспитно-образовниот кадар и родители | 2027 година | кутија | директор, стручна служба | Фотографии од реализираните акции |

| **Стратешка цел 2**. Да се обезбеди поквалитетна и поефикасна настава преку прилагодување на наставните активности според потребите и способностите на учениците и зајакнување на дополнителна и додатна настава | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел 2.1** Примена на разновидни наставни методи и пристапи за подобрување на квалитетот на наставниот процес | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите |
| Организирање на часови за меѓупредметни проекти | Реализирани проекти , истакнати во училниците или во аулата на училиштето | воспитно-образовниот кадар | 2028 година | Хартија, комјутерска опрема, интернет | воспитно-образовниот кадар во училиштето директор , стручна служба | Чек листи пополнети од страна на наставникот, хамери |
| Настава на отворено | Спроведени анкети, промената на однесувањето на учениците | Воспитно образовен кадар | 2028 година | Наставен материјал | Стручна служба | Фотографии, видеа , изјави на ученици |
| Обуки/ работилници од страна на наставници/колеги , кои познаваат разни наставни методи | Примена на на новите наставни техники на во наставата кај наставниот кадар , поголема мотивираност кај учениците | Тим на наставници задолжен за обуките | 2028 година | интернет, презентации | Директор, стручна служба | Анкетни листови |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Взаемно следење на часови меѓу колеги | Примена на усвоените нови наставни техники за време на набљудувањето | Тим на наставници | 2028 година | | Директор, стручна служба | Усна повратна информација, зголемен интерес кај учениците и поголема ангажираност за време на часот |
| Креирање на дигитални содржини од страна на учениците | Поттикнување на креативноста кај учениците | воспитно-образовниот кадар | 2028 година | видеа, презентации | Предметните наставници | Усна повратна информација, зголемен интерес кај учениците и поголема ангажираност |

| **Развојна цел 2.2 Организирање и унапредување на дополнителната и додатната настава во согласност со потребите на учениците** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти /извори на информации за следење на индикаторите |
| Календарот за додатна и дополнителна на **месечно** ниво да биде истакнат на информативната табла и на фејсбук страницата со точниот датум кога ќе се држи наставата | Подобрување на успехот кај учениците и полесна достапност до потребните информации (поголема транспарентност ) | Предметните и одделенските наставници | 2028 година | хартија | Класниот раководител и наставниците | Повратна информација од родителите (добиена преку анкета) |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|

| Стратешка цел 3. Активно учество на учениците преку развој и унапредување на квалитетни и разновидни воннаставни активности. | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел 3.1 Развивање и унапредување на вонаставните активности во согласност со интересите на учениците.** | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/ извори на информации за следење на индикаторите |
| - Ревитализација и активно функционирање на постоечките клубови и секции преку воведување нови, современи содржини согласно потребите и интересите на учениците.<br><br>- Промоција на постигнувањата на секциите преку училишниот веб-сајт и социјалните медиуми.<br><br>- Организирање на заедички училишни манифестации (базари, изложби, квизови) каде се вкрстуваат | - Процент на функционални секции(од вкупниот број);<br>Број на одржани состаноци/работилници<br><br>- Изработени и усвоени нови годишни програми за работа на секциите и клубовите<br><br>- Број на објави и јавни презентации на активностите. | Наставници<br><br>Стручна служба<br><br>Тим за воннаставни активности<br><br>Ученици | 2029 година<br><br>2029 година<br><br>2029 година | -Канцелариски материјали, опрема, простор за состаноци (библиотека, кабинет).<br><br>-Мотивирани наставници и обуки за водење проекти.<br><br>-Средства од буџетот на училиштето или донации за материјали за работа. | Директор, Наставнички тим, координатор за вонаставни активности, | - Записници од состаноците на секциите.<br><br>- Месечни и годишни извештаи за работа на раководителите на секциите.<br><br>- Портфолио на преокти (фотографии, видеа, продукти).<br><br>- Листи за присуство на |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| вештините од повеќе области. | -Изработени заеднички продукти (на пр. еколошки весник, дигитален каталог, заедничка изложба). | | | | | учениците. |

**Развојна цел 3.2 Поттикнување на учеството на учениците во училишниот живот и процесите на донесување одлуки.**

| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |
|---|---|---|---|---|---|---|
| - Формирање и редовно одржување на ученички парламент.<br><br>- Вклучување на | - Број на одржани состаноци.<br><br>- Број на | Директор, педагог, претседател на ученички парламент, наставници. | 2029 година | Простории за состаноци, административна поддршка, техничка опрема. | Ученички парламент, наставнички совет, стручна служба. | -Записници од состаноци.<br><br>- Анкети за задоволство. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ученици во училишни комисии.<br><br>- Организирање дебати и форуми.<br><br>- Презентација на ученички предлози пред Советот на родители и директорот | предлози од ученици прифатени од училиштето.<br><br>- Активно учество на учениците во комисии.<br><br>-Задоволство на учениците од нивната улога. | | | | | - Извештаи од парламентот.<br><br>- Документирани предлози и нивна реализација. |
| | | | | | | |

| **Стратешка цел 4. Современа, безбедна и поттикнувачка училишна средина и подобро опремени училници** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел 4.1 Подобрување на материјално-техничките услови и опременоста на училиштето** | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/ извори на информации за следење на индикаторите |
| - Опремување на училници со смарт табли, проектори, нов мебел.<br><br>- Редовно одржување и | - Број на училници со нова опрема.<br><br>- Процент на наставници што ја користат технологијата.<br><br>-Задоволство на | Директор, наставници, наставник по информатика | 2030 година | Финансиски средства, техничка опрема, ИТ поддршка, мебел. | Директор и наставници. | - Инвентар листи.<br><br>- Извештаи за користење на опремата.<br><br>- Анкети со наставници и ученици. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| надградба на опремата. | учениците и наставници те.<br><br>-Функциона лност на опремата. | | | | | |
| **Развојна цел 4.2 Унапредување на безбедноста и уреденоста на училишниот простор.** | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализато ри | Временска рамка за имплементац ија | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/изв ори на информации за следење на индикаторите |
| - Организирање на работилници и дебати со учениците за безбедна средина<br><br>- Подобрување на осветлување и сигнализација.<br><br>-Организирање акции за | -Намалувае на инциденти.<br><br>- Активно учество на ученици и родители во акции. | Стручна служба, наставници, родители.<br><br>Директор, техничка служба, општина, наставници, родители. | 2030 година | Финансиск и средства, градежни услуги, опрема за безбеднос, садници. | Тим за безбедност и одржување , ученички тимови, родители. | - Извештаи за реализиран и активности.<br><br>- Анкети за перцепција на безбедност. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| чистење и уредување со ученици и родители. | | | | | | |
| | | | | | | |

## 8. Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште

1. Ирина Николоска - директор
2. Весна Вукелиќ – специјален едукатор и рехабилитатор
3. Ана Стојчевска - Гајдов - педагог
4. Катерина Антовски - предметен наставник,
5. Сања Јанкоска Ристова - предметен наставник
6. Елизабета Петровиќ - одделенски наставник ментор
7. Офелија Груевска - одделенски наставник
8. Претставник од општина Аеродром Билјана Кочовска Тодоровска
9. Претставник од Совет на родители Цветана Зафировска
10. Ана Делимитова – Ученички парламент

Потпис на Директор

Ирина Николоска

Потпис на Заменик претседател на Училишен одбор

Дијана Кузева

Дата: мај, 2026

Место: Скопје

Република Северна Македонија
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ЃОРЃИЈА ПУЛЕВСКИ
Бр. 02-250/2
11.05. 2026 год.
Општина Аеродром-Скопје

Врз основа на на член 108 став 1 алинеа 3 од Законот за основното образование (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 161/2019,229/2020,3/2025,74/2025 и 250/2025), како и Записник број 5 од 11 Мај 2026 година од Училиштниот одбор на ООУ,,ЃОРЃИЈА ПУЛЕВСКИ,, ОПШТИНА АЕРОДРОМ-СКОПЈЕ (Во понатамошниот текст Училиштниот одбор) на ден **11.05.2026** година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**За усвојување на Развојната програма на училиштето за период 2026-2030 година**

Член 1

Се донесе одлука за усвојување на Развојната програма на училиштето за период од 2026-2030 година .

Член 2

Оваа Одлука е конечна и стапува на сила веднаш.

Заменик Претседател на У.Одбор

Дијана Кузева